Бр./Nr 12-2455/1
20-07-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2667/1 од 08.10.2025 година, во врска со сомнеж за незаконитости во судска постапка пред Основен ---- суд ---- во однос на предмет бр. ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се доставаат до Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-2667/1 од 08.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 08.10.2025 година, поднесена е пријава за корупција во судска постапка пред Основен ---- суд ---- во однос на предмет бр. ----, и оформен е предмет бр. 12-2667/1 од 08.10.2025 година.
Во пријавата подносителот укажува на ненадејна промена на судија во посочената постапка. Предметот првично бил распределен кај Судијата ----. Очекувајќи покана за рочиште од страна на судијата ----, полномошникот на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

подносителот примил известување за прераспределба на предметот кај Судијата ---- со нов парничен број. Дополнително, тужбата била поднесена врз основа на Закон за сопственост и други стварни права (ЗСДСП), со конкретно барање за паричен надоместок за воспоставена службеност по член 203 од ЗСДСП, потврдено со правосилна судска пресуда бр. ---- од ----, а правосилна на ---- година. Сепак судијата донел пресуда применувајќи го Законот за експропријација кој не бил соодветен за таков тип на предмет. Исто така, подносителот наведува дека била поднесена жалба на пресудата на ден ---- година, а немало ГЖ број.

Согласно Согласно член 40 став 1 алинеи 5 и 14 од Законот за судскиот совет, Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, како и е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се доставaт до Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата